# Библиотека на ООУ„Страшо Пинџур“

Библиотеката во училиштето „Страшо Пинџур “постои од самото негово отварање на 21.X.1980г. Првата година се заведени 100 книги, а потоа секојдневно, книжевниот фонд постојано расте. Денес имаме 11341 книга од кои само во 2021/2022г. се набавени или како донација добиени 99 книги. Имаме доволно од новите лектири препорачани од МОН , а застарените лектири редовно се обновуваат. За најмалите ученици ги имаме сите сказни во сликовито и печатено издание. Покрај лектирите од I-IX одд. имаме голем број книги од литературата за деца од сите возрасти. Книгите се поделени по наслови според нивната содржина, според литературнатата класификација и според националноста. Имаме романи и книги од класичните дела на француската, руската, германската, англиско-американската, јужнословенската и др. литература која е средена според азбучен ред. Дел од книгите се донирани, а останатите купени од училиштето. Библиотеката има книги од сите области на образованието и науката, па учениците можат да си го прошират своето знаење од голем број лексикони, библиографии, енциклопедии, историски и географски книги и карти како и стручна литература наменета за учениците и наставниците.

Во библиотеката има компјутер и печатар, а сите книги се евидентирани компјутерски. Исто така покрај старите евидентни книги и класична евиденција на зајмење лектири, во библиотеката во тек е создавање на електронска програма за позајмените книги од учениците и вработените.

До библиотеката имаме просторија со комјутери каде што учениците можат да читаат и да создаваат поедини проекти од било која област користејќи го библиотечниот фонд.

Библиотекарот заедно со одделенските наставници, или наставниците по македонски јазик редовно го посетува Саемот на книгата и одржува литературно читање во библиотеката за членовите на литературната и другите секции.

Секоја година се избира најдобар читател, односно ученик кој прочитал најмногу книги и се наградува со специфична книга од областа на науката.

Библиотекарката заедно со одделенските наставници е задолжена за прием на нови учебници и примопредавање на старите учебници меѓу одделенијата.